СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 863/2019
Дата 25.06.2019

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Гази Баба, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Идризово, Општина Гази Баба.** Површината на планскиот опфат за кој се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 132,56 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y17718** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за село Идризово, Општина Гази Баба**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Планскиот опфат на Урбанистичкиот план за село Идризово се наоѓа во заштитната зона на меѓународниот аеродром Скопје. При изработка на планската документација од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Гази Баба, Сектор за урбанизам и градежно земјиште (со арх. бр.28-3/4267 од 06.11.2018 год.), врз основа на член 25 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), достави барање преку системот е-урбанизам - УП со број на

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

постапка 18181 до Агенцијата за планирање на просторот, за изработка на елаборат за Услови за планирање на просторот, за изработка на **Урбанистички план за село Идризово, Општина Гази Баба.** Урбанистичкиот план за село Идризово, Општина Гази Баба, зафаќа површина од 135,96 ha, а површината на планскиот опфат за кој се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 132,56 ha, бидејки за останатиот дел од планскиот опфат се веќе издадени Услови за планирање на просторот, па поради тоа при изработка на планската документација, се задолжува Општината да ги земе во предвид намените во просторот за кои се издадени Условите за планирање и да ги инкорпорира во Урбанистички план за село Идризово.

Согласно член 25 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Идризово, Општина Гази Баба и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 863/2019 од 07.06.2019 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Урбанистички план за село Идризово, Општина Гази Баба, кои претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот. Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за село Идризово, Општина Гази Баба** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

М И Н И С Т Е Р
Sadulla Duraki

Изготвил: Соња Фурнациска

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk